ТањаГошева, библиотекарсоветник
Локална установа библиотека,, Благој Јанков Мучето,,

# БИБЛИОТЕКАТА ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА

Библиотеката е уникатно распоредена за промовирање на писменоста. Библиотеката може да се развиваа и да работи на сопствени програми но можеи да поддржува и проекти за писменост спонзорирани од други организации.

Затоа, целта на овие практични совети е: Да се охрабрат библиотеките да се вклучат во програмите за описменување, да служат како неформална листа за проверка за програмите базирани на библиотеки кои се веќе воспоставени.

Нашата дефиниција на писменост е широка. Тоа вклучува развој и практика на вештини за читање и пишување. Овие вештини ја поттикнуваат независноста, љубопитноста и доживотното учење на поединци и групи. Таквите ученици значително придонесуваат за економското, социјалното и културното здравје на заедниците и нациите во кои живееме.

Нашата публика е секоја индивидуа која ја почитува библиотеката. Секој кој има потреба да дознае, научи, секој кој планира и со кого имаме иразвиваме заедничка соработка. Потенцијални партнери се сите кои се заинтересирани за библиотеката како темел на писменоста. Абиблиотечниот материјал кој е потребен на корисникот ,библиотекарот ќе се ангажира да го набави доколку постои можност со пребарување.

Како да го обучиме нашиот библиотекар? Како да ја промовираме нашата програма за описменување? Како можеме да кажеме дали сме успешни? Како да ја одржуваме нашата програма?

Активностите на секоја библиотека се различни. Таа зависи од локалните фактори.Пред се отворениот ум и добра волја кои се клучни за успехот на секоја библиотека.
За библиотечниот персонал кој ги споделува информациите и сака да ја спроведе до корисникот девизата дека библиотеките и писменоста се партнери, - "Писменоста е клучот за образованието и знаењето за користењето библиотечни и информативни услуги".

Како да почнеме да планираме и развиваме заедничка соработка, Библиотека - писменост?
Персоналот прво ја проценува позицијата на библиотечната служба во својот локален, регионален и национален контекст. Библиотеките работат во рамките на локалните и националните културни и образовни политики. Кадарот на библиотеката прави се за да ги почитува културните модели во заедницата. Пред се, вработените во библиотеката развиваат план кој треба да вклучува: Информации за заедницата (културни, социјални, практични и статистички информации).
Детален извештај за севкупните цели;
Идентификација на други групи кои работат во поле на писменоста;

Финансиски план.
Персоналот разговара за овој план со членовите на заедницата и партнерите. Локацијата на програмата за писменост се разликува, но персоналот на библиотеката ги разгледува и местата во заедницата каде што ќе им биде пријатно учесниците да се соберат. Местата може да бидат: јавни, мобилни специјализирани, национални и други видови библиотеки.
Разговор помеѓу библиотекарите, наставниците и другите професионалци, е секојдневна работа. Библиотекарите сакаат да контактира со клучните луѓе во заедницата, вклучувајќи :

Оние кои ја знаат својата историја, традиции и култура;

Оние кои се во доброволни и непрофитни организации и места на обожување;

Оние кои работат за локалната власт;

Другите владини претставници и лицата со техничко знаење, исто така, заедно со клучните експерти на регионални и национални (или дури и пошироки) позиции. Претставниците на организациите на авторите и на медиумите можат да се приклучат на библиотекарот. Библиотекитеправат се, зада се осигураат дека сите корисници можат да присуствуваат без страв и слободно можат да учествуваат во библиотеката со нивните креативни идеи. Доколку се потребни конкретни упатства, со цел да се почитуваат различните културни традиции, тие треба да се земат во предвид за писменост и за работата на библиотеката и корисникот како целина.

Кои се нашите потенцијални партнери?

Постојат многу групи кои обезбедуваат различни видови на услуги за култура, информации и писменост до заедницата. Доколку работат заедно, вработените во библиотеката и овие групи ќе имаат поголема веројатност да успеат во својата заедница. Всушност, библиотечниот персонал би можел да биде клучна врска меѓу овие различни агенции.

Културни агенции со кои библиотеките би можеле да соработуваат во програмите за писменост вклучуваат:

Групи уметници, писатели, драматичари или музичари со еден збор културни интелектуалци поврзани со писменоста.

Локални, регионални и / или национални владини институции за културата;

Национални и меѓународни културни здруженија;

Културни групи кои произведуваат публикации.

Библиотечниот персонал може да соработува со многу различни образовни групи, вклучувајќи:

Училишта на сите нивоа;

групи за образование на возрасни;

наставници, родители и здруженија на наставници и  групи на наставници и писменост, невладини образовни програми и здруженија.

Библиотеката и информатичките одделенија.

Локални, регионални и национални владини оддели за образование, образовни и културни издавачи, читачки клубови;  се здруженија за читање; здруженија на издавачи;  здруженија на трговци со книги. Други заеднички групи и здруженија кои се потенцијални партнери, а вклучуваат: Соседски здруженија, религиозни групи, братства, владини организации, социјални работници, психолози, советници итн.

Кои материјали се потребни и како да ги избереме?

Материјалите  за писменост базирани на библиотеки можат да бидат креирани, донирани, позајмени, рециклирани, купени или преземени од интернет, според локалните околности. Бидејќи е важно да се користат релевантни материјали за учење во оделите за деца, оддел за возрасни, персоналот на библиотеката треба да избере материјали од интерес за локалните јазици. Тие вклучуваат: брошури за здравјето, семејството и земјоделството. Информации за економскиот развој, животната средина и локалните обичаи.
Весници и списанија, користење радио, видео и интернет се дел од секојдневната работа на библиотеката.
 При изборот на материјали, персоналот на библиотеката треба да размисли:
- Дизајн - со печатените големи фонд на букви, јасни и лесни за читање.
- Дали ставовите се добро распоредени?
- Дали страницата е добро дизајнирана, привлечна и лесна за читање?
- Дали има илустрации за поддршка на текстот?
Јазик ?
- Дали јазикот е обичен, во вообичаена употреба и во сегашно време?
- Дали текстот ги избегнува тешките дијалекти, регионалните изрази и фигурите на говорот?
 Зборови
- Дали писателот користи кратки, општи зборови?
- Дали се објаснуваат и повторуваат технички или тешки зборови, за да можат да се научат?
Реченица и структура на став
- Дали речениците и ставовите се едноставни, кратки и јасни?
- Дали секоја реченица е воведена со капитал?
- Дали една мисла завршена во две или три едноставни реченици сочинуваат став?

Нашиот персонал библиотекарот?
Подготовка на персонал за учество во програмите за писменост базирана на библиотеки може да се појави на различни начини. Обуката може да се понуди во претквалификациско образование, обука на работно место или како континуирано образование. Почесто се дава на кратки курсеви и работилници, или во посебни програми за време на стручни состаноци. За да има успешна програма за описменување, може да се разгледаат три типа на обука:
Обука за вработените кои работат со јавноста;

Обука за раководителите на библиотечниот кадар на практичните проекти;
Обука за едукатори и лица кои обезбедуваат услуги.

Потребни знаења и вештини

Сите вработени, но особено вработените кои работат со јавноста, треба да имаат општа обука за да им обезбедат свест за потребите на целните групи. Некои знаења во следниве области би биле корисни: разбирање на писменоста, разбирање на потребите на неписмените луѓе и улогата на библиотеката.

Методи за идентификување на целната популација. Видови на услуги што може да ги обезбеди библиотеката, познавање на потенцијалните партнери.
Персоналот кој ќе ја надгледува обуката за описменување треба да ги познава сите вештини и знаења наведени погоре. Покрај тоа потребни се поспецифични знаења, како што се:
Познавање на различните потреби на неписмени луѓе, разбирање на потребата за мрежно поврзување со давателите на образование и агенциите во заедницата, знаење за развој, управување и евалуација на програмите за писменост.
Туторите за писменост, кои честопати ќе бидат заедници доброволци, потребна им е посебна обука. Треба да вклучува: техники во наставата за возрасни ученици, обука за застапување, обука за важноста на приватноста, почитта и довербата.

Како ја промовираме нашата програма за описменување?
Програмата за писменост на библиотеката мора да се промовира за таа да успее.
Лидерите сакаат да ја информираат и ажурираат заедницата и другите заинтересирани групи за нивниот пристап за писменост.
Овие групи вклучуваат:
Вработените во библиотеките, повереницитe на библиотеките, управните или советодавните одбори; корисници на библиотеки, владини претставници,други организации во заедницата.
Медиуми, локални културни и образовни групи.
Пораките се фокусираат на: Зошто библиотеката станува вклучена во промовирањето на писменоста? Како се вклучува библиотеката? Какви резултати има библиотеката да ја постигне програмата за писменост?
Одредени методи се корисни во промовирањето активности за писменост. Тие можат да вклучуваат планови за: развој на работна група која ќе помогне во промовирањето на програмата, обезбедување постери и материјали до локалните медиуми, креирање флаери, брошури и кратки соопштенија за локалната библиотека, културните и образовни заедници.
Работа со партнерски организации, соодветно, во заеднички напори за публицитет. - Работата на библиотеката во писменоста треба да се оценува во редовни интервали. Сакаме да знаеме колку се ефективни нашите напори во исполнувањето на целите на програмата и во постигнувањето на наменетата целна публика. Ова е особено корисно ако е планирана без директно вклучување на целната публика, како што често се случува со програми насочени кон учениците.
Областите за проценка може да вклучуваат: број на учесници кои ја запишале и ја завршиле програмата; оценување на програмата; колку програмата има корист од заедницата; ефективнос на употребата на ресурси за писменост, на пр. достапноста на ресурсите и нивната употреба од целната публика.

Ефективноста на локацијата на програмата, на пр. местото, зградите, мебелот и опремата. Погодноста на фреквенцијата и должината на програмата за учесниците. Структурата на пр. администрација, надзор, партнерства, долгорочна корист за поединци.
Методите на проценка може да вклучуваат: интервјуа со поединци и фокус групи од целната публика, вклучувајќи ги и оние кои учествувале во програмата, и оние кои немаат пишувани примероци од студентите. Исто така може да собираат информации за бројот на учесниците, нивното присуство и квалитетот и видовите на ресурси што се користат.
Како ја одржуваме нашата писменост?
Да продолжи и да планира за успешна иднина на библиотечно-ориентирани програми за писменост, библиотечниот персонал е едуциран, наобразован, пожртвован.
Обезбедување учесници и оние кои ја полагаа наставата со соодветен материјал за читање, можеби преку партнерства но може да се појавува и како издавач.
Организирање активности и проекти за успешни учесници во програмата, во библиотеката и преку бизниси кои би можеле да обезбедат можности за вработување, вклучувајќи ги и локалните власти, во последователните активности и проекти кои би можеле да обезбедат дополнителни средства за програмите за описменување.
Вмрежување со други групи и организации за да бидат сигурни дека програмата развива можности за партнерство за учесниците и не работи изолирано од заедницата.

# БИБЛИОТЕКАТА - ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА

м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица

„Кога планирате за една година, насадете жито.
Кога планирате за десет години, насадете дрво.
Кога планирате за живот, подучувајте ги и образувајте ги луѓето.”
(Кинеска поговорка)

Зачетоците на библиотекарството се врзани со настанувањето на писмото. Библиотекарството во Македонија е старо колку што се стари и почетоците на словенската писменост. Од Кирил и Методиј, преку Климент и Наум до денешните современици, книгата и библиотекарството постојано биле надополнување на општеството. Без нив не може да се замисли постоењето на цивилизацијата, без нив не може да се замисли постоењето на еден народ. Писменоста е основно средство за промоција на културниот и националниот идентитет, средство преку кое се негува толеранцијата, желбата да учиме едни за други, унапредувајќи ги меѓусебните односи. Негувајќи ја писменоста, го негуваме своето културното наследство и ја обезбедуваме сопствената иднина и иднината на нашите деца. Кога читаме ние се збогатуваме со знаење, зошто човекот наоружан со знаење е непобедлив. Во делото „О писменех“ на Црноризец Храбар се вели дека писмените читаат, а неписмените гатаат, т.е. писмените знаат, а неписмените претпоставуваат.

Книгата е најмоќното орудие за ширење на знаењето која му пркоси на времето. Читањето книги развива логично размислување, има големо влијание врз духовниот развој и моралните насоки на една личност, помага да се најде мир, ја подобрува функцијата на мозокот и нѐ учи како да се справиме со секојдневието. И конечно, читањето нѐ прави помлади. Одамна е докажано дека телото старее побрзо кога нашиот мозок старее, читањето го прави мозокот да работи, а како резултат на тоа, староста е одложена. Една британска студија откри дека читањето е побрз и поефикасен начин за опуштање од слушање музика и пешачење. Во античка Грција, на влезот на библиотеката, имало натпис: „Медицина за душата“. Во древниот Египет, на

пациентите им биле препишувани зборови како лек што ќе ги врати во ментална рамнотежа.

Наједноставниот начин да се осигураме дека ќе воспитуваме и одгледуваме писмени деца е да ги научиме да читаат и да им покажеме дека читањето е пријатна активност. Тоа значи да пронајдат книги во кои ќе уживаат, да им дадеме пристап до тие книги и да им дозволиме да читаат.

Постојат огромни разлики во перформансите за читање помеѓу децата чии родители сакаат да читаат и оние кои не читаат.

Иницијативите за семејна писменост имаат долгорочни, позитивни влијанија врз животните шанси на децата како резултат на интеракциите помеѓу родителот и детето, детето и браќата и сестрите.

Во еден есеј Иван Илин вели: „Според читањето може да се препознае или определи човекот. Зашто, секој од нас е она што го чита; и секој човек е она како чита; и сите ние незабележливо стануваме она што го исчитуваме од прочитаното...“. Тоа нè прави помалку или повеќе зрели во писменоста на нашите предци и потомци.

Писменоста се смета за фактор во економската конкурентност на една земја. Луѓето со подобра писменост се посвесни за светот и за себе, имаат подобро разбирање за нови идеи и промени, подобри се во проценувањето на вредноста на нештата, имаат подобро здравје, поголем приход и поголемо учество во граѓанскиот живот, отколку луѓе со пониски вештини.

Книгата е бесмртна, таа живее и ќе живее во бесмртните светилишта – библиотеките. Доказ за ова е, секако, развојот и модернизирањето на денешните библиотеки, вклопени во духот на современиот тренд, исправени пред предизвикот на 21 век - време кога дигиталната технологија незапирливо напредува.

Библиотеки како никогаш досега минуваат низ крупни и непрекинати промени во своето работење, како последица од брзиот напредок на информатичката технологија, информациската наука и општеството. Тие иновативни промени треба да се искористат и да се приспособат, со што би се зголемил интересот на популацијата за библиотеката и за користење на нејзините фондови и услуги. Дигиталната технологија ја смени суштината на јавни институции како библиотеки, тие сега не се приспособуваат само на новата реалност, туку воопшто ја преиспитуваат својата мисија во општеството.

Основните принципи на современите библиотеки треба да се засновани врз концептот на: отвореност, одговорност, ефикасност, кохерентност и социјална кохезија.

Новиот слоган на јавните библиотеки би требало да гласи „Заедно сме посилни“, тоа е одлична порака за сите нас, бидејќи соработката со другите институции може да произведе интегрирани услуги кои ги бараат корисниците. Библиотеката треба да организира серија на активности кои ќе придонесат за поттикнување и развивање на свеста за образованието, писменоста и културата помеѓу младата популација, за нивно поактивно вклучување во современите образовни и културни програми и процеси во државата. Култура на читање и користење на библиотеката во наставата треба да биде наш приоритет. Партнерството помеѓу наставниците и библиотекарите треба да станат столб на наставата и учењето во 21 век.

Соработката е важна алатка за библиотеките да ги постигнат своите цели. Ова се однесува не само за интерконекција на податоци, туку и за мрежно поврзување на библиотеките, организации, поединци, текови и односи преку синергии, со цел меѓусебна корист и воопшто за развојот на секоја земја - затоа што на овој начин стануваме поефикасни. На јавните библиотеки не се гледа само како капацитет или инфраструктура што им е достапна на граѓаните, туку како активна институција која треба да работи на исполнување на севкупната цел за сите граѓани.

Препознавајќи ја културната важност на споделувањето Махатма Ганди рече дека „културата не може да живее, ако се обидува да биде ексклузивна“. Можноста да се споделат и повторно да се користат информациите и знаењата доаѓа во многу облици. Можеби најдлабоките корени на нашите човечки инстинкти е желбата да се зачува нашата култура за идните генерации. Ова е една од најважните функции на библиотеките.

Библиотеките имаат огромна важност и улога во негување на културата на читање на книги и поддршка на творештвото особено на младите креативни луѓе кои бараат можност и простор своето творештво да го промовираат и презентираат пред пошироката јавност.

Книгите секогаш ќе останат во мода, а луѓето кои го следат тој тренд знаат дека секоја книга има посебна приказна која треба да биде прочитана.

**БИБЛИОТЕКАТА - ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА**

Црти и color рески, слики по карпите, мимики и гестови се првите знаци преку кои дознаваме дека човекот комуницира. Развивањето, еволуцијата ќе придонесат човекот како индивидуа да тежнее кон совршенство.Човекот ќе се бори и избори, ќе го пронајде совршениот начин за комуникација – јазикот.Се пишуваат и првите азбуки и со тоа се развива знаковниот систем, се развива писменоста.

Уште од мали нозе нашите наставници макотрпно и вешто не учат да пишуваме и да читаме. Не воспитуваат и советуваат дека без јазик и писменост си никој и ништо. Писменоста ни дава крилја да прелетаме низ сите континенти, да ги запознаеме сите знаменитости, да соживееме со животот на разни ликови и никогаш да не се откажеме од тој лет.

За тој лет да биде незапирлив ја имаме непресушната оаза - библиотеката која е отворена за сите граѓани и им нуди литература за сите возрасти и за сите професии.

Писменоста му е потребна на секоја индивидуа за да комуницира преку пишаниот збор. Темелот е во секоја книга, а книгите се собрани на едно место – библиотека.

Многу луѓе од различни професии размислувале и дале свој придонес за светот да се менува, постојано нови методи и техники. Нови откритија кои свесно или несвесно не менуваат, придонесуваат да не се откажеме од нашите идеи. Таков поборник бил и Никола Тесла кој кажал една мудра мисла:

,,Мојот мозок е само приемник. Во вселената постои езеро од кое што црпиме знаење, сила, инспирација. Не сум ги открил тајните на оваа езеро, но знам дека постои``

Мудрата мисла, цитатот на Тесла може да се толкува и на друг начин така што езерото постои и тоа не е било кое или непознато, тоа е библиотеката која е непресушна и постојано ни дава нов предизвик за повторно да се сретнеме со нејзината верна другарка книгата.

Научникот и филозоф Аристотел, човек што се интетресирал за многу области и поради тоа и основал библиотека која што му помогнала во

пишувањето на многу негови книги. Тој дал една многу впечатлива и мудра мисла која треба да ја применуваме во сите сфери од животот.

„Сите човечки дејствија имаат една или повеќе од овие седум причинители: случајност, природа, порив, навика, разум, страст и желба.``

Библиотеката треба да ни биде дел од животот со сите овие седум причинители кои ни ги навел Аристотел. Во тој непресушен извор од информации може да ни се развијат сите сетила и да ни се развие талентот за пишување и творење на нешто сосем ново.

Во библиотеката влегуваш со една мисла дека ќе ја пронајдеш книгата која ќе ти го реши проблемот, но за жал во оваа катче влегуваш и никогаш не излегуваш. На оваа место сите читатели оставаме по малку од нашите грижи и добиваме совети како да ги решиме нашите проблеми. Во оваа наша верна пријателка која чува многу тајни, верно испишани низ страниците на книгите се населуваме, се вдомуваме, растеме и созреваме.

Богатството не треба да го барам, ниту да го имам, туку целото богатство е во една обична просторија која е наречена библиотека. Во ризницата на знаењето ќе научиш како треба да живееш, ќе научиш дека книгата го исполнува умот со чувство на љубов кон светот и човештвото.

Библиотеката е единствено место каде што можам да го почувствувам знаењето како услов за живот, библиотеката е единствено место каде што се чувствувам најбогата. Старата англиска изрека вели : „Книгата е суво злато". Библиотеката е место на мирот, место каде некој од другата страна на полицата животот го споделува со тебе.

Да им посветиме внимание на нашите најмили и најмали, на дечињата и да им ја отвориме вратата на библиотеката. Да им го дадеме најголемиот благодет за иднината да им биде беспрекорна и без пречки, да ги потикнеме да читаат и пишуваат. Пишаниот збор останува трајно на белите страници и не потсетува дека тоа е неисцрпно богатство кое ни помага да го запознаеме светот и да се запознаеме себе си.

ц

## Библиотеката – темел на писменоста

Писменоста е вреден клуч што ја отвора ризницата на знаење. Таа е едно од основните човекови права и алатка за остварување личен напредок. Добрите основни вештини на писменоста овозможуваат успешно учење, понатамошно образование и подобар квалитет на живот. Писменоста значи слобода. Таа е вештина со којашто човекот означува цели зборови или одделни гласови со одредени знаци. Тоа го прави со цел своите мисли да им ги соопшти на другите. Таа улога ја вршеле уште праисториските цртежи во пештерите. Најстарите писма настанале во земјите со висока култура и цивилизација, односно кај народите со древна историја како Сумерите и старите Египќани.  Еден кинески мудрец, одамна предупредил дека човекот е како вода којшто секогаш тече низ ридот и протечува низ најмалиот отвор. Писмениот човек понизно ѝ служи на вештината на писменоста, а не обратно. Да се биде многу писмен, значи многу работа, размислување и самодисциплина. Впрочем, плодовите од тие напори носат уживање во писменоста на оној којшто пишува, но и на оние коишто читаат. Инаку, зошто луѓето би ги купувале книгите, а писателите би добивале Пулицерова, Нобелова, Букерова и друга награда?! Освен парите, тука има и нешто многу поважно. Писменоста е вештина не помала од музиката, сликарството, готвењето и сличните вредни уметности. Користејќи ја таа уметност, писмениот човек е на пат да постигне душевен мир и рамнотежа во себе. Тоа најдобро ја покажува почитта што древните Кинези и Јапонци им ја укажувале на нивните калиграфи.

Читањето и пишувањето ја поттикнуваат писменоста. Не може точно да се одреди кога таа почнала на нашите простори. Иако има и други знаци на писменост во археолошките наоѓалишта, се смета дека словенската писменост започнала благодарение на мисијата на солунските браќа Кирил и Методиј. Првосоздадена словенска азбука била глаголицата, којашто имала 38 букви, а потоа е создадена кирилицата од 31 глас, односно една буква за еден глас. Се претпоставува дека глаголицата ја создал Кирил пред заминувањето во Моравската мисија во 863 година. Азбуката го добила името по старословенскиот збор глаголати, што значи зборување. Од времето на доселувањето на Јужните Словени на Балканот, преку мисионерската работа на светителите Кирил, Методиј, Климент и Наум, преку старословенскиот, црковнословенскиот, па до современиот македонски јазик, можеме да го следиме и споредуваме развојот на културата на еден народ во сите нејзини уметнички видови.

За некои луѓе, светски херои се освојувачи, политичари, историчари, актери, музичари, за други - тајни филозофи и мистериозни научници, но за книжевниците

херој е царскиот египетски лекар Шепсескаф-Анк, којшто бил учител на животот. Тој стар Египќанец пред повеќе од 5600 години ја создал првата библиотека, првиот знак дека постојат неисцрпни бунари на знаење. Не е случајно дека единствената зачувана плоча од таа библиотека до денес е онаа на којашто пишува: *“Книгата е повредна од сите споменици и од сите украсени храмови,зашто таа самата гради споменици во срцето на оној којшто ја чита.”* Од оваа мисла напишана пред околу 3600 години пред новата ера, дознаваме дека богатството не треба да го бараме, ниту да го имаме, туку дека тоа  е во една обична просторија, наречена библиотека. Библиотеката ги избира, чува и ги испорачува информациите во различни извори-документи. Од глинените плочки од Месопотамија пред 5.000 години, преку 500.000 свитоци во библиотеката во Александрија во Египет од 300 година пред новата ера, до Би Ченговиот пронајдок на печатот во 1041 година во Кина и оној во Германија, човекот имал потреба да чува информации. Но, со појавата на печатењето, милиони книги станале достапни за читателите. Книгите се нашле во различни библиотеки: дворски, приватни, национални, манастирски, училишни.

Доаѓањето на дигиталната доба донесе глобална информациона револуција. Благодарение на интернетот, денес имаме повеќе видови информации и полесен пристап до нив, отколку кога било порано во историјата. Додека не беа мобилните телефони, луѓето во поразвиените земји читаа книги дури и во автобусите, возовите, трамваите, во метроата. Денес и таму, мобилните телефони го заседоа местото на книгата во рацете.

Библиотеките се единственото место каде што читателите се чувствуваат најбогати, според старата англиска изрека дека книгата е суво злато. Библиотеката е место на мирот, место каде што некој од другата страна на полицата животот го споделува со нив. Одамна не е тајна дека книгите помагаат кај будењето, љубопитноста, описменувањето и образованието. Домашните библиотеки им помагаат на луѓето да станат личности со силни когнитивни способности. Според едно истражување, ако тие израснале опкружени со книги од домашните библиотеки, со минимум 80 книги, имаат поголеми шанси за развојот на важните когнитивни способности што ќе се користат низ целиот живот.  Децата коишто завршиле само средно образование, а чијшто живот бил исполнет со книги, покажувале исти когнитивни вештини како нивните врсници со завршени факултети, а коишто немале домашни библиотеки во текот на адолесцентниот период. Книжното окружување се покажало како голема образовна предност. Когнитивните вештини биле најсилно изразени кај луѓето чиишто домашни библиотеки во текот на растењето имале помеѓу 80 и 350 книги. Тинејџерите коишто дома немале значаен број книги, израснале во личности со потпросечни резултати. Големината на домашните библиотеки варира од земја во земја, од

просечно 20 книги во турските семејства, до 500 во скандинавските.Читањето е темел на писменоста и една од основите за развој на младата личност. Посебно е важно, бидејќи тоа го развива и збогатува речникот и овозможува успешно дејствување во сите сфери на животот и работата во 21 век. Писменоста е прв и најзначаен чекор кон човечката еманципација и усовршување. Затоа родителите имаат задача уште од најрана возраст на детето да му ја објаснат важноста на учењето. Библиотеката им дозволува на децата да поставуваат прашања за светот и да ги пронајдат одговорите. Убаво е што кога еднаш ќе научат да ја користат библиотеката, вратите на учењето ќе им бидат секогаш отворени.

Според податоците од Организацијата на Обединетите нации, повеќе од 700 милиони луѓе постари од 15 години не знаат да читаат и пишуваат. Како последица од тоа, тие не можат да запловат во светот на знаењето, па така ни да го откријат моралното и духовното учење.  Способноста за читање и разбирање на текстот е основен предуслов за постигнување успех во кој било училиштен предмет. Меѓутоа, способноста за читање не престанува да биде значајна и по завршувањето на образованието. Таа придонесува за социјална интеграција и личен развој и снаоѓање во лични и професионални улоги во коишто ќе се најде возрасниот човек.

Васка Кирова, библиотекар

ЛУ Библиотека “Благој Јанков - Мучето”

Струмица

**Советување на тема: „БИБЛИОТЕКАТА – ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА“**

**Дискусија на тема: „Влијанието на библиотеката врз љубовта кон литературата и изградувањето на јазичниот израз кај учениците“**

Поимот библиотека има грчко потекло (грч. bibliotheke) и изворно значи – збирка книги. Низ историјата, развојот на библиотеките и библиотечната дејност, особено со нејзиното прераснување во институција, доаѓа до измени и дополнувања на основниот поим и дефинирањето на поимот библиотека. Денес, покрај многуте дефиниции за тоа што претставува библиотека, среќаваме една во која заедничко со останатите е тоа што библиотеката претставува институција што собира, стручно обработува, чува и дава на користење библиотечен материјал. Во однос на тоа, материјалите кои ги поседува библиотеката се достапни на населението со цел за негово информирање, истражување, образување и воопшто – културно издигнување.

Појавата и развојот на библиотеката го следиме уште од Стариот век, при што првите библиотеки датираат од пред повеќе од илјада години. Развојот се следи од појавата на библиотеки во Месопотамија, Египет, Кина, а подоцна се појавуваат и во Стара Грција и Александрија (Египет) којашто библиотека се смета за една од најкарактеристичните и најголемото книжевно складиште на тогашниот познат свет, а е основана од александровиот војсководец и втемелувач на египетската династија – Птоломеј I Сотер или неговиот син Птоломеј II Филаделф. Содржела од 50.000 до 70.000 книги.

Преку библиотеките во Рим кои настанале со воени кражби, наспроти веќе спомenатите кои настанале со собирање, препишување или купување книги, потоа библиотеките со материјал со религиозен карактер со појавата на христијанството, а како најпознати за тој период се оние во Палестина и Ерусалим, и нешто подоцна во Цариград, но и Папската библиотека во Рим, преку појавата и развојот во средниот век кога карактеристично е уништувањето на античката култура и појавата на повеќе цркви како познати културни жаришта низ повеќе европски градови, доаѓаме до моментот кога културно-просветниот живот започнувал и се одвивал со најголем интензитет, токму во манастирите. Тука отскокнува Византија затоа што приликите за развој на кутурата и животот биле подобри поради тоа што била зачувана слободата и континуитетот на грчко-латинската култура. С# поголемиот културен развој ја донесува и потребата за писменост, со преродбата воопшто, но и со појавата на најразлични глобални општествени промени, како што се: развојот на

феудализмот, крстоносните војни, развојот на трговијата, обновата на античката култура, доаѓа и до создавање на првите училишта -  започнувајќи од оние во склоп на црквите и манастирите, па доаѓајќи до световните. Со тоа библиотеките излегуваат од затворениот круг на дворците, црквите и манастирите и се отворени и достапни за народот, а тоа продолжува и во периодот на хуманизмот и ренесансата, којшто период е карактеристичен и иницирaн од интересот за античката литература и нејзино препишување, со што се зголемува и бројот на книгите; Се појавува хуманистичкото писмо; Значаен е и пронајдокот на печатницата (Гутенберг); Се зголемува бројот на приватни библиотеки; Се создаваат јавни библиотеки. Во XVI, XVII и XVIII век се појавуваат и градските библиотеки кои располагале со зголемен број на книги и се развиваат многу библиотеки во Европските градови, но и во Русија.

Корените на библиотекарството на наше тло ги наоѓаме во X век, а за тоа епохално дело секако, најзаслужни се солунските браќа Св. Кирил и Методиј, во периодот кога нашата земја станува колевка на словенската писменост и култура. Оттука, јасно е дека на почетокот библиотеката на нашите простори главно се развивала во рамките на манастирите, а ракописите биле развивани со препишувачка дејност. Содржините на ракописите се со религиозен карактер. Вистинската историја на библиотекарството кај нас започнува кон 60-те години на XIX век со библиотеката на Џинот – просветител, преродбеник и учител кој поседувал сопствена домашна библиотека, а создал и училишна. Воедно ги создал и првите читалишта во Велес и Скопје. Во 1922 година е создадена библиотека на Филозофскиот факултет во Скопје, а поинтензивен развој на библиотекарството се случува по II светска војна кога биле создадени многу народни библиотеки, дури и во помалите градови.

Денес најголема библиотека е Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Важно да се напомене е тоа дека голема улога во описменувањето на населението и подигањето на нивото на културната и национална свест, одиграле првите читалишта, училишните библиотеки, формирањето на околиските библиотеки, како и опстојувањето на јавните библиотеки и читални во периодот од 1920 до 1939 година, со оглед на туѓото влијание и режимскиот карактер на окупаторството. Благодарение на свесноста и граѓанската активност за отворање на читални, туѓото влијание ослабува. Така, книжниот фонд кој го поседуваат народните библиотеки отворани под влијание на Кралството СХС, по ослободувањето ќе претставува иницијален книжен фонд за идните народни библиотеки во слободна Македонија.

Денес, народните библиотеки се организирани во автоматизиран библиотечно-информативен систем како дел од информативниот систем на државата и играат значајна улога во развојот на современото информативно општество.

Од досега приложеното можеме јасно да ја согледаме потребата и иницијативата за создавање на библиотеката, како и нејзината значајна улога во животот воопшто. Како институција, библиотеката која располага со многу книжевни наслови, од антиката, преку класиците, па до современите книжевни дела, книги кои се читаат од мала возраст па натаму, игра значајна улога во јазичното и културното издигнување. Затоа, уште од мали нозе треба да се подигне свеста дека читањето литературни дела, а подоцна и според потребите, консултирање со најразлична стручна литература, не само што се збогатуваат знаењата, туку се стекнуваат и искуства кои живеењето го прават побогато и посуштинско. Затоа, многу е важно, не само за индивидуата, туку и за целото општество, навиката за читање и надоградување на знаењата да претставува примарен елемент низ чијашто призма ги согледуваме сите новини и сите прилики кои ни доаѓаат во пресрет во текот на целокупното живеење. Оттука, втемелувањето на љубовта кон читањето и изградувањето на јазичниот израз е од огромна важност, зашто како што „по утрото денот се познава“, така и првиот контакт со литературата треба да биде поттикнат од голема желба и цврста волја да се научи нешто ново за да обезбедиме посветла и поубава иднина. Понатаму треба да се продолжи во континуитет и да се негува навиката за достигнување на духовен раст. Треба да се стремиме да се издигнеме над примитивното и нагонското и да зачекориме со одлучност и богат дух во справување и совладување на предизвиците. Книгата не е само прозорец кон светот, таа е и огледало на она што сме, што сме биле и што ќе бидеме.

Потребата за задоволување на човековата љубопитност и порив за самоспознавање ја задоволувала токму библиотеката како прв медиум и посредник помеѓу човекот и светот. Од самиот почеток, од настанувањето, преку собирање на најразлични книжевни материјали (глинени плочи, папирус, пергамент, хартија) се говорело како за материјалниот, така и за духовниот свет и еден од главните стремежи бил оној за откривање на смислата за животот. На самиот почеток единствено кралевите, благородниците и свештенството можеле да допрат до тие „тајни“ и нивната желба за знаење произлегла главно од волјата за запознавање на непознатото и контрола врз животот. Денес, за среќа, сите ние ја имаме таа „чест“ да практикуваме „ментална гимнастика“ и да сознаеме како функционираат и небесата и светот, да сознаеме што е божјо, а што човечко, што е профано, а што сакрално.

Современието во коешто живееме сепак донесува нови напредни технологии, нови медиуми, нови начини, но на крајот на краиштата сфаќаме дека само она што е ставено на хартија е од вистинска вредност – само книгата ја има честа да биде носител на вистинското духовно богатство. Тука би се запрашале – тогаш, како библиотеката како институција да се избори со единственото оружје – книгата, против напредната и агресивна технологија? Како да се предочат вистинските вредности кои се вечни и неуништиви? Најверојатно со љубов и трпение, со она што ни е главна водечка сила која ни е доделена од раѓање. Во таа смисла, библиотекарот има значајна улога во спроведувањето на оваа света мисија и неговата суштина треба да лежи во препознавањето на светлината содржана во пишаниот збор. Пишаната форма ја носи суштината на јазикот, а неговата одржливост зависи од неговото редовно практикување, почитување, проучување од сите аспекти, а најмногу од книжевниот. И некако, јазичната писменост се испреплетува со духовната, а свеста за единственост од ден на ден станува с# појасна и с# поцврста.

Читањето и неговото редовно практикување овозможува напредок и во психичка и во физичка смисла и благодарение на тоа што современието покрај с# ни овозможува достапност до многу содржини, денес имаме можност да ги прошириме сопствените видици и да ја доживееме грандиозноста на светот без да се поместиме ни чекор, да отпатуваме далеку, но и да допреме до самиот почеток, до настанокот. Освен просветлувањето, просветувањето и духовното збогатување, паралелно со тоа доаѓа и збогатувањето на јазичниот израз, нешто што доаѓа при читањето и го усвојуваме несвесно, ненамерно. Се збогатува вокабуларот и се проширува комуникацијата. Се осознава значењето на потеклото, на припадноста, на традицијата, на поубавата иднина. Се кинат стегите на заслепеноста и незнаењето, се прераснува во поголем човек кој е способен да се избори со искушенијата произлезени од незнаењето и заблудите на животот без светлина.

Во сево ова како најделикатно и нешто што бара најголема одговорност е доближувањето на литературата до децата, а оттука произлегува и тоа дека литературата за деца е најтешка за создавање. Во таков случај треба да се допре до детското гледање и доживување на светот, кој за едно дете е шарен и примамлив и треба правилно да биде прикажан. Од бајките па до романите за деца, целокупната литература за деца претставува еден патоказ до суштината на животот, прирачник за тоа што треба, а што не смее, што е добро, а што лошо. Најчесто се соочуваме со проблемот на непоттикнатата желба за читање и што е едно општество посовремено, толку е потешко да се поттикнат најмладите да учат за животот преку литературата. Се соочуваме со презаситеност од најразлични информации до кои се доаѓа лесно, а оние вистинските остануваат во

сенка на изговорот дека учењето е здодевно и големината на книгата која е пресудна за тоа колку е „тешка“ или „лесна“ за читање. Сепак, љубовта кон читањето треба да се поттикнува уште од претшколска возраст, во домот, од постарите, а потоа да се открие вистинската вредност на библиотеката. Улогата на библиотекарот е правилно да ги води читателите низ „храмот“ на писменоста, на духовниот раст и развој, затоа што успешен библиотекар не е оној кој својата професија ја сведува на одработување на работните часови, туку оној кој ја познава душата на книгата и несебично ги споделува тајните и пораките на пишаниот збор. Оттука, библиотеката треба да претставува примамливо катче кое со задоволство се посетува, со исчекување на нешто убаво, волшебно, несекојдневно. Таквото чувство на задоволство и потреба за учење на нови нешта треба да не води цел живот, од раното детство до зралата доба.

Струмица, 6.6.2019г.

Изработил:
Мери Тодорова Младеновска – библиотекар,
ООУ „Стив Наумов“ - Скопје

# БИБЛИОТЕКАТА - ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА

Врз нас лежи обврската да се грижиме за развивање на умот во нашите деца, а тоа развивање пред сè, се добива преку писменоста. Умот на човекот, е оној природен талант, кој му е даден на човекот од Господ, не за да го закопа во земја и да го остави без употреба, без секаква полза за себе и за другите, туку да го развива и усовршува. Значи, во писменоста е нашата прва сила.

Што му дава на човекот писменоста?

**- Таа му дава на човекот знаење, го вади од темнината на незнаењето и му дава средства за борба со сè, кое и штети на неговата благосостојба.** „Ние сме луѓе темни, ништо не знаеме, секој може да нè измами“ - ете тоа го слушаме често од устата на луѓето. Значи, сами сознаваме, дека без писменост лошо се живее. Тоа е совршено вистинито. Од што на пр., умираат мали деца, се јавуваат епидемии и други општествени беди во кои совршено сте немоќни да се борите? Од тоа што вие немате оружје за таа борба, немате знаења кои се добиваат преку писменоста, преку читањето полезни книги.

Понатаму, писменоста во нашиот семеен живот ќе ни донесе голема полза. Ќе дадам еден многу едноставен пример: еве, ние како родители сме добиле писмо или порака од нашите деца, кои живеат далеку, надвор од местото каде живееме ние. Се радуваме дека најпосле сме добиле нешто што многу сме го очекувале, но ете ние не знаеме што пишува внатре и бараме писмен човек да ни го прочита тоа писмо или таа порака и да возвратиме на истата. Но, ако сме писмени самите ќе можеме да прочитаме и да одговориме на напишаното.

**Но уште поголемата полза од писменоста се состои во тоа што ни дава можност да се запознаеме самите со изворот на животот. Да се запознаеме со најсветото и најскапоценото нешто за нас, а тоа е човечката душа.**

Писменоста - поим кој традиционално се дефинира како способност за читање и пишување, денес тоа значење е проширено, така да ја вклучува и способноста да се користи јазикот, бројките, сликите, сметачите и други основни начини за разбирање, општење, стекнување со корисни знаења, решавање на математички проблеми и употреба на доминантните симболски системи на културата.

**Писменоста како човеково право**

Писменоста е човеково право од суштинско значење за доживотно учење и социјални промени.

Традиционално, писменоста претставувала способност за користење на писмен јазик, активно и пасивно; според една дефиниција „писменоста е способноста да се „чита, пишува, слуша и зборува".

= Знаеме дека, првите библиотеки се појавуваат во најстарите цивилизации на Блискиот Исток. На ова укажуваат многуте пронајдени натписи на гробовите во Египет, на кои стоело дека покојникот бил „управител на куќата со списи" или „управител на книги" и сл., што наведува на заклучокот дека станува збор за „библиотеки" или „архиви". Најверодостоен доказ за постоењето библиотеки уште пред новата ера секако се остатоците од библиотеките од тоа време.

Бројот на корисници на библиотеките бил многу мал и ограничен на одреден круг луѓе. Долго време во својата историја библиотеките опслужувале одреден слој граѓани, за да дури во XVIII век, со ширењето на идејата за просветителство, бројот на корисници и бројот на библиотеки видно се зголемува.

Иако библиотекарството е една од најстарите културни гранки, библиотеката дури во последно време, имајки го предвид брзиот развој на науката и технологијата, демократизацијата на животот и образовниот систем, како и зголемената потреба на луѓето да бидат информирани е призната како посебно општествено вредна институција.

=Информацијата е највредната стока во светот. Таа е повредна од парите, бидејќи со неа, можат да се направат пари. Таа е повредна од моќта, бидејќи со неа може да се постигне моќ. Таа е повредна од добрата, бидејќи со неа, можат да се направат, набават и да се подобрат добрата. Во која било дејност, во која било индустрија, во кој било дел од светот, вистинската информација е бесценета.

Информацијата е порака која се користи во комуникацискиот процес за да претстави збир на податоци, поими, со цел да ја намали неизвесноста, односно да го зголеми знаењето на корисникот.

Библиотеката и писменоста се тесно поврзани една со друга, односно едната се претопува во другата и прават една целина, еден темел, една основа.

Оттука и библиотеката како вредна институција од која црпиме информации, ја има таа цел, да биде темел на писменоста.

Гонца Запрова Анастасова, библиотекар

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица

23. 05. 2019 година

Струмица

# МЕЃУБИБЛИОТЕЧНОТО ЗАЈМУВАЊЕ ВО НУ НАЦИОНАЛНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА“Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ СКОПЈЕ

Маја Јовановска, виш библиотекар
Е- пошта :medzaj@nubsk.edu.mk
Василка Христовска виш библиотекар
Е- пошта:vasilka@nubsk.edu.mk ecris@nubsk.edu
НУ Национална и универзитетска библиотека
„Св.Климент Охридски”-Скопје

***Клучни зборови:*** *меѓународно библиотечно зајмување, начин, методи на зајмување*

**Апстракт**

Меѓубиблиотечната позајмица претставува библиотечна активност што овозможува користење документи од други библиотеки. Библиотеката врши меѓубиблиотечно зајмување на библиотечен материјал од своите фондови на барање на библиотеките од државата и од странство, како и од фондовите на библиотеките во државата и од странство за потребите на своите членови.
Меѓубиблиотечното зајмување е еден од позначајните процеси во современото библиотекарско работење. Развојот и функцијата на овој процес датира уште во далечната 1989 година, година во која е почнат процесот на автоматизирање на библиотеката и нејзините процеси, од кои еден од позначајните е приклучокот на интернет мрежата, со што се отвара можност за побрз начин на пребарување голем број меѓународни бази на податоци, како и можност за пребарување во голем број светски информациски системи.

## Вовед

### Меѓубиблиотечното зајмување публикации од странските библиотеки во светот

Денес и покрај богатиот библиотечен фонд, интересот за меѓубиблиотечното зајмување публикации од странските библиотеки е особено нагласен. Научно-истражувачките работници од Македонија, од ден на ден , имаат се поголема потреба од документи и други научни материјали што ги нема во фондовите на другите библиотеки во државата, па затоа преку службата за меѓубиблиотечно зајмување, во интерес на своите корисници, врши зајмување на книги, копии од статии и прилози во списанија, патенти, стандарди, и сл. Од странските библиотеки преку системот на меѓународно библиотечно зајмување.

Според статистиката, НУБ врши побарување од странските библиотеки за потребите на своите корисници од 1500-2000 наслови годишно, а добива барање за зајмување од нејзиниот фонд од 400-900 наслови годишно. Ако се направи преглед според научни области, најчесто барани

документи се од природните и применетите науки, а секако тука е интерсот и за општествените науки.

Позајмувањето на библиотечни материјал најчесто се одвива на следниот начин индивидуалните и колективните корисници(организации, институции како од јавен, така и од приватен карактер) најчесто доставуваат писмено барање во кое треба читливо и точно да се наведат нивните лични податоци, како и основните библиографски податоци на бараниот материјал (автор/и; наслов на публикацијата, година и место на изадање, број, волумен и број на страници, може но и не мора да се напише и ISBN или ISSN број на публикацијата). Откако ќе се изврши пребарување, службата за меѓубиблиотечно зајмување сугерира и воедно информира за најдобрата варијанта за што побрзо добивање на бараниот материјал; изборот на библиотеката од која ќе се бара материјалот, мачинот на испраќање на нарачката (по пошта, факс, е-маил, скениран), како и за цената на услугата согласно на ценовниците на библиотеките од каде се врши зајмувањето, време на испорака на материјалот. Корисникот самостојно решава за изборот.

Службата за меѓубиблиотечно зајмување го информира корисникот за времето за кое може да го добие документот и за цената на услугата, согласно ценовниците на библиотеките од кои се зајмува.

По пристигање на бараниот материјал, службата за меѓубиблиотечно зајмување веднаш го информира корисникот за пристигнувањето на материјалите, а корисникот ги подига материјалите од библиотеката, воедно ги плаќа трошоците за извршената услуга според добиените фактури и ценовниците на библиотеките.

Доколку позајмениот документ е во оригинална форма(книга), треба во рок од 15 дена од датумот на пристигање во библиотеката да го врати уредно назад во библиотеката.

**Системот ARTTEL во меѓубиблиотечно зајмување во НУБ**

Меѓубиблиотечното зајмување во НУБ најчесто се врши преку системот ARTTEL (*Automated Request Transmission by Telecomunications*), систем што дава можност за брзи информации и испорака на документи. Со овој начин на позајмување годишно се реализираат 50% од барањата за меѓубиблиотечно зајмување. Користење на електронската пошта(*е-маил*)за испраќање на позајмици е исто така брз и практичен начин за меѓубиблиотечно зајмување. Нарачките се испраќаат и се чекаат 2-3 дена одговор за бараниот материјал, во некои многу ретки случаи библиотеките од кои се бара материјал не информираат за статусот на нарачката, па затоа може да се чека и по една и повеќе недели, со што се губи драгоцено време за странката и за библиотеката.Задоцнетата повратна информација може да е причина за откажување на барањето, односно бараниот материјал повеќе да не е актуелен за корисникот. Притоа, треба да се истакне дека процентот на ваквиот тип е минимален. Исто така, во одредени библиотеки барањата се праќаат и по обична пошта, со што се забавува процесот, а со тоа и ефикасноста на работата е сведена на минимум.

Не толку одамна печатените каталози, особено централниот каталог беа основен извор на информации за фондовите на странските библиотеки. Денеска нивна побрза и поефикасна варијанта се автоматизираните online каталози. Во нашата пракса, овие инструменти се користат често, а особено ќе го напоменам веќе споменатиот каталог *Boston spa* во Англија.

**Начин на пребарување и зајмување на библиотечниот материјал**

Меѓубиблиотечнот позајмување со користење на ваучериите IFLA (*IFLA voucher Scheme* ) е интересно за корисниците, бидејќи овозможува соработка со голем број библиотеки од светот вклучени во него. Со овој систем е олеснета комуникацијата, а пред се плаќањето на услугите, без депозит како што е случајот со Лондонската библиотека, Руската, Француската и Данската библиотека, без фактури, без поштенски купони итн., со други зборови го решава проблемот на меѓународното девизно плаќање. Поради тоа ваучериите IFLA се многу поприфатливи за нас во НУБ и затоа како нејзина членка има можност да зајмува документи од сите библиотеки во светот што се негови членови. Според договорот, за зајмување на монографска публикација чини 1IFLA ваучер или 8 евра (во денарска противвредност од околу 600 денари бидејќи се следи дневниот курс на Народната банка на Македонија ), а копија на статија со одредена бројка на страни до 20, чини 1/2 IFLA ваучер или  4 евра (околу 200 денари), што е прифатлива цена за нашите корисници. Цените на услугата зависат и варираат во зависност на  библиотеката од каде се врши позајмицата на материјалите и нивниот ценовник на услуги.

Службата за меѓубиблиотечно зајмување им ги предочува на корисниците сите можни начини, со цел тие, според нивните потреби и можности, да го селектираат и да го изберат најдобриот начин на позајмица, како и за цената на услугите.

Според наше мислење, најдобар начин на за брзо и ефикасно меѓубиблиотечно зајмување е можноста за електронско пребарување и нарачка, како и за електронска трансмисија на текстовите со скенирање во прилог(*Attachment*), што не е скап процес. Воедно се добива во време, а секако и во цената на услуги. Така, службата за меѓубиблиотечно зајмување постојано ги следи сите новини во работењето, како и новини и новите можности, солуции, програми, се со цел во интерес на нашите сегашни и идни корисници.

Се надеваме дека бројот на корисници, како и нивните потреби, ќе се зголемуваат од ден на ден, а со тоа и нашата служба заслужено ќе го носи епитетот најдобра.

**Резиме**

Во оваа статија е опишана и објаснета работата на службата за меѓубиблиотечно позајмување на библиотечен материјал, а воедно се опишани видобите и методите на зајмување, како и искуствата и согледувањата од досегашното работење во НУБ.

**Summary**

**Intrelending and Document Supplay in the National and University Library**
**“St.Kliment  Ohridski”- Skopje**

The intrelending activities and experiences in National and University Library “St.Kliment Ohridski “- Skopje, are clearly displyed, in the enclosed paper.The ways of interlending are explaned and the problems of satisfying the needs of the users are pointed put. The possibilities of improving this process in the future are suggested.

**Key words:** Interlending and Document Supply, methods, problems and solutions in National Library “St.Kliment Ohridski “- Skopje.

# Национален E-CRIS систем и бази на податоци за научно-истражувачката дејност во РМ

Василка Христовска, виш библиотекар
НУ НУБ „Свети Клименти Охридски“- Скопје
Е-пошта: vasilka@nubsk.edu.mk ;
ecris@nubsk.edu.mk
Маја Јовановска, виш библиотекар
НУ НУБ „Свети Клименти Охридски“- Скопје
Е-пошта: medzaj@nubsk.edu.mk

**Резиме**

Во Европа веќе неколку децении се градат информациски системи со генеричко име CRIS (Current Research Information Systems). Интеграцијата и широката употреба на системот CRIS во минатото беа оневозможени од неусогласената методологија, со тоа што во последните години е присутен силен тренд на стандардизација. Една од општоприфатените препораки за структурата на податоците за истражувачката дејност е CERIF (Common European Research Information Format) класификацијата, која ја ажурира и развива организацијата euroCRIS. Согласно со препораките на CERIF, развиена е веб-апликација E-CRIS која Институтот за информациски науки во Марибор (IZUM) бесплатно ја понуди на корисниците на апликациите COBISS.

**Клучни зборови**

Информациски систем, научно-истражувачката дејност, бази на податоци, E-CRIS.MK, истражувач, истражувачка организација

**Вовед**

Рефералниот центар како посебен оддел во рамките на НУБ„ Св. Климент Охридски” – Скопје, уште со самото негово формирање отпочна низа активности се со цел да овозможи увид во целокупната научноистражувачка работа во Република Македонија. За таа цел Рефералниот центар е институција задолжена да истражува, собира и чува податоци за научните и технолошки информации кои се создаваат во земјава, и истите тие да ги вклучува во меѓународни информациски текови, како и да овозможи двонасочен проток на знаења од изворите на информациите до корисниците и обратно.

Во почетокот на работата, поради немање софтверско решение за имплементација на податоците во база, овие податоци беа презентирани преку печатени публикации. Подоцна, со развојот и усовршувањето на научната технологија, стручен кадар од библиотеката во соработка со надворешни соработници формираа комплекс на бази на податоци т.н. МАРЕБА (Македонски референти бази). Беа формирани две бази на податоци и тоа:

**База на податоци за индивидуални извори на НТИ**, био-библиографски информации, главно содржат податоци кои се однесуваат на биографијата на научните работници во Р.М (*Адресар - состојба 1980-1986, 1986-1991, 1995/96*)

**База на податоци за колективни извори на НТИ**, фактографски информации преку кои се презентира институционалната научноистражувачка инфраструктура во Р.М (*Научни установи во РМ - состојба 1979, 1982, 1997 и Научни и стручни здруженија во РМ - состојба 1987, 2001)*

Меѓународната организација за истражување на информации euroCRIS која е основана во 2002 година претставува меѓународно непрофитно здружение кое придонесе за основање на истражувачки информациски системи со генеричко име CRIS (Current Research Information Systems). Со употреба на системот CRIS во согласност со препораките на CERIF класификацијата (Common European Research Information Format)  во повеќе земји е развиена веб-апликација E-CRIS, која Институтот за информациски науки во Марибор (IZUM) бесплатно ја понуди на сите приврзанички членки на COBISS системот.

E-CRIS.MK е веб апликација за научноистражувачката дејност во Македонија која во рамките на националните библиотечно-информациски системи во мрежата COBISS.Net  има за цел да воспостави евиденција на истражувачи и научноистражувачки установи, неопходна за водење на библиографии на научни работници и установи.

Со развојот и усовршувањето на информациските системи за истражувачката дејност е формиран националниот E-CRIS систем во Македонија со кој управува Националната библиотека “Св.Климент Охридски“ од Скопје и врши функција на национален E-CRIS центар.

Националниот E-CRIS систем ( E-CRIS.MK апликација) е поврзан со националниот библиотечно-информациски систем COBISS и овозможува непосреден увид во биографските и библиографските податоци на истражувачите и истражувачките организации. Во него се вклучени 4 бази на податоци и тоа :

- Базата на податоци ИСТРАЖУВАЧИ која содржи био-библиографски податоци за самите истражувачи (податоците се јавно достапни само за оние истражувачи што се согласуваат со јавно објавување)

- Базата на податоци ОРГАНИЗАЦИИ која содржи податоци за истражувачките организации (факултети, институти, истражувачко-развојни единици и слично)
- Базата на податоци ОДДЕЛИ која содржи податоци за одделите во рамките на истражувачката организација
- Базата на податоци ПРОЕКТИ која содржи податоци за проектите што ги изведува истражувачката организација

Базите на податоци во E-CRIS.MK апликацијата се меѓусебно поврзани, а податоците во нив се на македонски и англиски јазик. Овозможено е пребарување по сите клучни полиња, вклучувајки ја и можноста за пребарување според научните полиња на делување утврдени со CERIF (Common European Research Information Format) класификацијата.

За внес на податоците во базите постојат две можности. Првата е внесот на податоците да се изврши електронски, со можност грижата за ажурирање на одредени податоци да ја преземат одделни истражувачки организации, односно самите истражувачи преку веб-страницата http://e-cristest.cobiss.net/about/cris.aspx?lang=mac. Втората можност е внесот да го изврши одговорното лице од националниот E-CRIS центар кој податоците ги добива по пат на писмено анкетирање, со претходно изготвен анкетен прашалник доставен по пошта или преку e-mail.

Условите за упис во информацискиот E-CRIS систем се утврдени со законот за научно-истражувачка дејност. Според него во базата се регистрираат изведувачи на истражувачка и развојна дејност во Република Македонија кои ги исполнуваат следните услови:

- Истражувачка организација може да биде Универзитет или организациона единица при универзитет (факултет, институт...) или друго правно лице во јавниот или приватен сектор со регистрирана научно истражувачка или развојна дејност со минимум еден вработен истражувач (види Централен регистар на РМ)
- Истражувач е физичко лице кое има најмалку универзитетско образование и врши научно истражувачка дејност, односно се обврзува да води своја библиографија во системот COBISS.MK

Имплементацијата на информацискиот E-CRIS систем во библиотеките има голем допринос во развојот и унапредувањето на истражувачката и развојна дејност во Република Македонија. Овозможено е континуирано унапредување на научно-истражувачката дејност, заемна поврзаност на науката и образованието, координација на субјектите за вршење на научно-истражувачката дејност, унапредување на домашната и меѓународната соработка во трансферот на знаењата, истражувањето, обуката и апликацијата, унапредување на користењето на резултатите од истражувањата, транспарентност во истражувањата и во користењето на

резултатите, зголемување на продуктивноста на трудот и на националната конкурентска способност во глобалниот простор, зголемување на индивидуалниот и општествениот квалитет на живеење, афирмација на националниот идентитет и одржлив развој и заштита на животната средина.


**Summary**

In Europe, information systems with the generic name CRIS (Current Research Information Systems) have been built for decades. In the past, the integration and expansion of CRIS were often made difficult by uncoordinated methodologies. For this reason, in recent times there has been a strong tendency to move towards standardisation. CERIF: a Common European Research Information Format, maintained and developed by euroCRIS, is one of the universally accepted recommendations for the structure of research data. In compliance with the CERIF recommendations, the E-CRIS web application was developed at the Institute of Information Science in Maribor (IZUM), which offered it to all users of COBISS applications within the COBISS.Net network free in charge to establish in individual countries.



**Key words**

Information system, scientific research activity, databases, E-CRIS.MK, researcher, research organization